Бесплатен примерок

август, 2020

# Скопје
## гласило




# АВТОБУСОТ НА ГОДИНАТА 2016 НА СКОПСКИТЕ УЛИЦИ

4 стр.
Нов урбан лик за плочникот пред ГТЦ

8 стр.
Забрзано се гради новиот мост на булеварот АСНОМ

12 стр.
Скопје во време на корона

16 стр.
Град Скопје отстранува 240 рекламни објекти од јавниот простор

## ГРАДОТ СКОПЈЕ РАБОТИ ЗА ПОЗДРАВА СРЕДИНА И ПОЧИСТ ВОЗДУХ




# АВТОБУСОТ НА ГОДИНАТА 2016 НА СКОПСКИТЕ УЛИЦИ

Нови екоавтобуси на гас, од германската компанија MAN, од минатиот месец се дел од возниот парк на ЈСП и возат по градските улици на линиите 2, 5, 15 и 57. Со тоа, Скопје стана дел од европските метрополи во коишто се користат екоавтобуси.

Градот Скопје набави 33 нови екоавтобуси, односно 21 нископоден автобус со поединечен капацитет од 85 патници и 12 зглобни нископодни автобуси со поединечен капацитет од 149 патници. Нашата цел е за граѓаните да обезбедиме еколошки, модерен и удобен јавен градски превоз.

Новите автобуси се енергетско ефикасни, во соглас-



ност со последните технолошки трендови во оваа индустрија и ги задоволуваат стандардите за емисија на Euro 6. Овој тип автобуси е прогласен за екоавтобус за 2016 година во Европа, а во Германија ја поседува ознаката „Син ангел“ бидејќи емитуваат значително помалку CO2 и речиси воопшто не го загадуваат воздухот. Возачите коишто ги возат новите автобуси имаа стручна обука од сертифициран возач од Хрватска.

Одлуката за набавка на ваков тип автобуси Градот Скопје ја донесе по извршеното тест возење низ Скопје кога пробно сообраќаа 3 различни модели на автобуси на гас и еден електричен автобус од различни производители, вклучувајќи го и автобусот на MAN, а тој според патниците беше најдобро оценет и најсоодветен за јавниот сообраќај во Скопје.

Еден екоавтобус заштедува до 25.000 евра гориво на годишно ниво, односно во споредба со потрошувачката на старите дизел автобуси, новите автобуси трошат речиси двојно помалку гориво, што дополнително ќе ги намали трошоците на ЈСП. За разлика од старите дизел автобуси, за новите автобуси е обезбеден и сервис.

Град Скопје со набавката на новите 33 нископодни MAN CNG автобуси за ЈСП, на претпријатието му овозможи да превезува речиси двојно повеќе патници коишто имаат поголем простор и комоција за движење, што придонесува за побрз проток на патниците низ возилото, со повеќе врати за влез и излез, како и валидатори на предната и на задната врата.

Ваков тип екоавтобуси веќе се користат во јавниот превоз во Шпанија, Норвешка, Унгарија и во Полска.












# НОВ УРБАН ЛИК ЗА ПЛОЧНИКОТ ПРЕД ГТЦ

Плочникот што го поврзува влезот на Градскиот трговски центар и плоштадот „Македонија“ ова лето доби нов урбан лик.

- Воведуваме нови стандарди во уредувањето на јавниот простор во Скопје. Овој простор пред само неколку месеци го препознававме како местото каде што на првиот посилен дожд се собираше вода на пропаднатиот асфалт која ни го ограничуваше движењето. Овој плочник заедно со зелениот покрив на ГТЦ го претставуваат новиот стандард за изгледот на јавниот простор во нашиот град и се вклопуваат еден во друг. За реализацијата на овој проект од градскиот Буџет се потрошени околу 33 милиони денари со вклучен ДДВ – вели градоначалникот Петре Шилегов.

Тој додава дека тука е и местото каде што е родена Мајка Тереза која при посетата на Скопје во почетокот на 80-те години, заедно со тогашниот скопско-призренски бискуп Јоаким Хербут и тогашниот градоначалник Методи Антов, засадиле три дрвја во малото паркче, кои се уште се таму.

Новоуредениот плочник е со површина од речиси 5.000 квадратни метри, а е изграден од висококвалитетни плочки во 3 вида на кои е изведена патека за лицата со инвалидитет. Поставена е и соодветна урбана опрема - клупи, корпи за отпадоци, осветлување, атмосферска канализација и заштитни столпчиња што ќе го спречат непрописното паркирање и движењето на возилата.

Формирани се и дрвореди од 22 повеќегодишни дрвја коишто за само неколку години ќе развијат убави крошни и ќе даваат уште поубава сенка за минувачите.






Coca-Cola
CITY GALLERY






EVN


Anabella

# ОВА СЕ ИЗБРАНИТЕ ТРИ НОВИ ЛЕТНИ СЦЕНИ ЗА ВО ГРАДСКИОТ ПАРК



Локација број 3



Локација број 2



Локација број 1

Погледнете ги трите партерни идејни решенија за „Летна отворена сцена“ на три локации во зелениот појас во Градскиот парк кои Градот Скопје ги избра на конкурс. На конкурсот што беше објавен во мај годинава пристигнаа 13 трудови за понудените три локации: во близина на Езерце, во првиот дел на паркот; во близина на Сточарски институт и спроти Кајак кану клубот „Илинден 90“.

По разгледување на пристигнатите трудови, Комисијата за оценување за најсоодветни решенија ги избра трудовите со работна шифра „ОМММ“, „Коноид“ и „Конус“, и тоа за:

Локација број 1: Површина во Градски Парк Скопје, која се наоѓа во првиот дел на паркот, односно во непосредна близина на езерцето - труд со работна шифра „ОМММ“;

Локација број 2: Површина во Градски парк Скопје, која се наоѓа спроти Сточарски институт - труд со работна шифра „Коноид“;

Локација број 3: Површина во Градски парк Скопје, која се наоѓа во вториот дел на паркот, односно во непосредна близина на езерцето, спроти Кајак кану клубот „Илинден 90“ - труд со работна шифра „Конус“.

Град Скопје најдобрите трудови ги наградува со по 70.000 денари за секоја од трите локации.

### СО ДОНАЦИЈА ОД ХАЛКБАНК

# ГРАД СКОПЈЕ ГИ ОБНОВИ СИТЕ 19 МОСТОВИ ВО ГРАДСКИ ПАРК 2





Градот Скопје со донација од Халкбанк целосно ги реконструира сите 19 пешачки мостови во вториот дел од Градскиот парк. Обновени се дрвените подлоги на мостовите, со материјали коишто се поотпорни на климатските промени, а обновена е и металната конструкција. Металните површини се премачкани со боја која овозможува заштита од корозија. Со поставување рампи, дел мостови се достапни и за велосипедистите и за лицата со отежнато движење.

Градоначалникот Петре Шилегов објаснува дека ова не е прва соработка на Градот Скопје со Халкбанк и дека ќе продолжат и во иднина да работат на други проекти.

- Очекувам општествено одговорните компании, како што е Халкбанк, и во иднина да го помагаат Градот. Имајќи предвид дека е сериозно зголемена фреквенцијата на посетители во паркот во време на пандемијава ги повикувам граѓаните заедно да го чуваме ова богатство коешто го имаме во срцето на нашиот град – додава Шилегов.

Вредноста на донацијата за реконструкција на сите 19 мостови во вториот дел од Градскиот парк изнесува околу 2 милиона денари.







# ЗАБРЗАНО СЕ ГРАДИ НОВИОТ МОСТ НА БУЛЕВАРОТ АСНОМ ВО АЕРОДРОМ



Градежните работи за изградба на новиот мост на Вардар, на булеварот АСНОМ, се одвиваат забрзано. Според интензитетот на градба, општините Аеродром, Гази Баба и Центар за помалку од две години ќе бидат поврзани со нов премин преку реката и модерно булеварско решение што ќе го релаксира сообраќајот во овој дел од Скопје.

Новиот мост на Вардар ќе ги поврзува улицата Васко Карангелевски во Аеродром со улицата Индустриска во населбата Ќерамидница, во Гази Баба. Вкупната должина на трасата изнесува 400 метри. Самиот мост ќе биде долг 150 метри, со 6 коловозни ленти и велосипедски и пешачки патеки од двете страни.

- Веќе се поставени дел од темелите на новиот премин преку Вардар. Мостот ќе биде со габарит како мостот „Гоце Делчев" и ќе биде нов сообраќаен коридор од општината Аеродром кон општина Гази Баба. Работите се одвиваат според предвиденото темпо и очекувам кон средината на идната година да го завршиме овој капитален проект – вели градоначалникот Петре Шилегов.

По изградбата на новиот мост и пробивањето на новиот коридор, од Ново Лисиче до Судската палата со автомобил ќе се стигнува за 5 минути, со автобус за 10 минути, со велосипед за 18 минути, а со пешачење за 35 минути. По овој мост ќе сообраќаат и нови автобуски линии кои дополнително ќе го намалат сообраќајниот метеж.

Во мај годинава, целосно беше реконструиран и проширен булеварот АСНОМ на потегот од крстосницата со улица Васко Карангелевски до крстосницата со булевар Србија кај мостот „Близнак". Проширениот булевар во Аеродром сега има по 3 коловозни ленти во двете насоки, пешачки и велосипедски патеки од двете страни и средишно зеленило.

### СКОПЈЕ СО НОВ БУЛЕВАР

# БУЛЕВАРОТ ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ ЌЕ ОВОЗМОЖИ ПОРАМНОМЕРЕН РАЗВОЈ НА СЕВЕРНИОТ ДЕЛ ОД ГРАДОТ





Градот Скопје од оваа пролет е побогат за уште една важна сообраќајница - булеварот Христијан Тодоровски Карпош. Оваа нова сообраќајна врска ќе овозможи развој на северниот дел од Скопје, како и побрз излез на обиколницата за околу 100.000 граѓани кои живеат во Чаир, Скопје Север, Топанско поле и во Железара, со што ќе се релаксира сообраќајот во целиот град.

- Северниот дел од градот за првпат е целосно поврзан со булеварско решение, од обиколницата до центарот. Новиот булевар е со вкупна ширина од 40 метри, со 6 коловозни ленти од по 3,5 метри, велосипедски патеки од двете страни со ширина од 2,5 метри, пешачки патеки од двете страни со променлива ширина и простор за средишно зеленило и зелен појас од двете страни на булеварот. На новиот дел од булеварот Христијан Тодоровски Карпош е поставена нова водоводна, атмосферска и фекална мрежа, како и целосно ново улично осветлување со 140 столбови – вели градоначалникот Петре Шилегов.

За изградбата на оваа делница во должина од околу два километра, која се протега од крстосницата со булеварот Босна и Херцеговина до клучката на скопската обиколница, Град Скопје потроши околу 285 милиони денари или околу 4,6 милиони евра со вклучен ДДВ.

- Досега повеќепати имам нагласено дека за разлика од поврзувањата на релација исток-запад, во Скопје историски многу помалку било работено на поврзувањата север-југ, што впрочем граѓаните кои се движат во овие правци секојдневно го чувствуваат. Ваквата состојба мора да се промени за нашиот град да добие одржлив, ефикасен и безбеден сообраќај – додава Шилегов.

# ПРОШИРЕН БУЛЕВАРОТ НИКОЛА КАРЕВ

Со засилено темпо и ноќно работење во мај годинава беше реконструиран и проширен булеварот Никола Карев, односно познатата Пластичарска улица. Овој булевар е еден од најважните сообраќајници во Скопје бидејќи поврзува 4 општини - Гази Баба, Чаир, Центар и Карпош.

Во оваа прва фаза од проширувањето и реконструкцијата, градежни работи на булеварот Никола Карев се изведуваа на потегот од клучката кај Бит-пазар до влезот во касарната „Илинден“, на должина од 1.440 метри. Скопје доби уште една современа сообраќајница која има 4 сообраќајни ленти, велосипедска и пешачка патека и средишно зеленило. На улицата е изведена нова атмосферска канализација која овде не постоеше, а се изврши и целосна реконструкција и на другите подземни инсталации.

Во тек е проектирањето на втората фаза која ќе опфати градежни активности на потегот од влезот во касарната „Илинден“ до раскрсницата со булеварот 8.Септември, како и на третата фаза за потегот од раскрсницата на улицата Скупи со булеварот 8.Септември - од раскрсницата на булеварите 8.Септември и Никола Карев до раскрсницата со булеварот Словенија.



# ОБНОВАТА НА СООБРАЌАЈНИЦИТЕ И ОВАА СЕЗОНА СО ЗАСИЛЕНО ТЕМПО

Градежните работи за обнова на градските улици и булевари и оваа сезона се одвиваат со засилено темпо и со рекордно кратки рокови, а се работи во сите 10 скопски општини.

- Светската пандемија од коронавирусот нема да ги запре инфраструктурните градежни активности што се во надлежност на Град Скопје, туку напротив, тие продолжуваат со исто или засилено темпо. Ова го правиме од една здраворазумска и хумана причина. Во изминатите две години Град Скопје покажа одлични финансиски резултати. Советот две години по ред усвојува завршни сметки од кои јасно се гледа дека буџетот е на стабилни нозе и може да ги исполни своите цели. Ваквите финансиски резултати овозможуваат Град Скопје да нема рестрикции во планираната изградба и реконструкција на градската инфраструктура, притоа откажувајќи се од дел од средствата од најголемите свои приходи - комуналиите, комуналните такси, закупот на јавен простор и слично. Ова го правиме со цел да ослободиме повеќе пари во економијата инвестирајќи најмногу во домашниот градежен сектор кој е одговорен за голем број вработени и учествува со сериозен дел во БДП на Република Северна Македонија. Сакаме да ги сочуваме сите работни места во десетиците стопански гранки што ги обединува градежништвото – вели градоначалникот Петре Шилегов.

**Еве кои делници добија нов лик ова лето:**

| УЛИЦИ И БУЛЕВАРИ | НАПРАВЕНО Е: |
|---|---|
| **Кружен тек на Втора македонска бригада и Кемал Сејфула, во Чаир** | - кружна крстосница,<br>- водоводна мрежа, атмосферска и фекална канализација,<br>- ЛЕД осветлување со 24 канделабри,<br>- велопатека околу кружниот тек. |
| **Индира Ганди во Шуто Оризари** | - реконструкција на коловозот,<br>- нова хоризонтална сигнализација,<br>- од улица Бутелски венец до улица Нов живот,<br>- должина 800 метри. |
| **Александар Урдаревски, во Бутел** | - обнова на коловозот,<br>- изведена нова атмосферска канализација и други подземни инсталации,<br>- нова сообраќајна сигнализација,<br>- од кружниот тек на улица Боца Иванова до к-ца со Бутелска,<br>- должина 800 метри. |
| **Булевар Босна и Херцеговина**<br>**I фаза - булеварот се пробива од раскрсницата со булеварот Словенија до раскрсницата со улица Бутелска;**<br>**II фаза – од крстосницата со булевар Христијан Тодоровски Карпош до крстосницата со улица Бутелска.** | - по 3 коловозни ленти во двете насоки,<br>- зелен појас во средината,<br>- странично зеленило,<br>- пешачки и велосипедски патеки,<br>- должина околу 1.800 метри. |


Нов кружен тек во Чаир


Нов кружен тек во Чаир

Изградбата и обновата на градските улици и булевари придонесуваат за зголемување на безбедноста во сообраќајот за сите учесници и за подобрување на сообраќајните врски во градот.

- Развојот на сообраќајната инфраструктура во нашиот град не смее да запре. Скопје ќе продолжи да ја развива својата улична мрежа истовремено со мрежите на велосипедски и пешачки патеки за да обезбедиме одржлива урбана мобилност. На тој начин директно ќе придонесеме за намалување на економската криза, не само во нашиот град, туку и во целата држава. Кризата ќе помине, животот продолжува. Чекор по чекор градот ќе продолжи да се развива – нагласува Шилегов.


Булевар Босна и Херцеговина


Улица Индира Ганди


Улица Александар Урдаревски

На барање на граѓаните, на семафорите на булеварот Србија, кај Полициската станица, како и на булеварите Трета македонска бригада и Митрополит Теодосиј Гологанов се поставени тастери со кои пешаците можат да го активираат вклучувањето на зеленото светло и со тоа побезбедно да го поминат пешачкиот премин. Тастерите се донација од компанијата ОКТА.

Елиф, Амел, Лина, Омар, Ивана..., се само дел од имињата на децата што секојдневно ја поминуваат фреквентната улица Цветан Димов во Чаир за да одат на училиште или во градинка, а кои се испишани со спрејови во разни бои на заштитната ограда што е поставена на средината на коловозот. Градот Скопје заедно со Општина Чаир ова лето поставија ваква заштитна ограда за да се зголеми безбедноста на пешаците и велосипедистите кои ја преминуваат улицата Цветан Димов и за да се воспостави контрола на сообраќајниот метеж.



# СКОПЈЕ ВО ВРЕМЕ НА КОРОНА

Пандемијата од коронавирусот целосно го промени нашето секојдневие. Полицискиот час, карантинот, рестрикциите во движењето, мерките за лична заштита, работењето на институциите – сите се соочивме со големи промени и со нови правила. Градот Скопје не беше исклучок. За да ги заштити граѓаните, но и своите вработени од ширењето на вирусот, Градот Скопје уште на почетокот на кризата презеде низа активности, а беше обезбедена и помош и поддршка на граѓаните полесно да ја пребродат новонастанатата ситуација. Својата работа ја приспособи и Советот на Град Скопје кој почна седниците да ги одржува на отворено и преку конференциска врска. Беа донесени важни одлуки и мерки.

## 50 МААЛСКИ КОНЦЕРТИ ВО „КУЛТУРА ВО ВРЕМЕ НА КОРОНА“

Повеќе од 50 настани на кои настапија повеќе од 200 изведувачи, со над 500.000 гледачи на социјалните мрежи и илјадници на балконите во осум различни општини донесе проектот „Култура во време на корона“, кој Градот Скопје го реализираше оваа пролет како дел од пакетот кризни мерки за културата, а кои беа одговор на барањата на иницијативата „Културата е насловна страна на секое општество“, ЈАДРО – асоцијација на независната културна сцена, како и Синдикатот на културата (СКРМ).

Сите изведувачи беа еднакво платени со минимален износ од 14.500 денари. За кампањата беа потрошени 2,7 милиони денари од градскиот буџет, а во нејзината реализација се вклучија МКЦ, КИЦ и Универзална сала.

По позитивниот прием во јавноста, Градот Скопје планира овој проект да го претстави како свој адут во кандидатурата за Европска престолнина на културата за 2028 година.











Дрита Исљами




## СПОРТУВАЈ ОД ДОМА СО ГРАД СКОПЈЕ

Во текот на мај, девет добро познати инструктори во различни домени на спортот за граѓаните понудија онлајн видеа со вежби за одржување на телесната форма за време на вонредните услови што ги наложи пандемијата. Граѓаните имаа можност да погледнат фитнес-кросфит вежби, пилатес и пауер пилатес, аеробик, ултимејт фит, кондициски вежби, вежби за атлетика и јога. Секој ден во 19 часот на фејсбук страницата на Град Скопје премиерно се објавуваше видео со вежби, со реприза наредниот ден, во утринските часови. Видеата имаа илјадници прегледи.

Во изминатиов период Градот Скопје адаптираше дел од Програмата за спорт за 2020 година со цел на граѓаните да им се понуди стручно одржување на формата и здравиот начин на живот додека беа дома, односно додека беа затворени теретаните, фитнес студијата и спортските сали.



Даниел Трбогазов

## КОНКРЕТНИ ЧЕКОРИ ЗА ПОМОШ НА ДОМАШНАТА ЕКОНОМИЈА

За полесно да се надминат економските последици од пандемијата со коронавирусот Градот Скопје презеде конкретни чекори.

- Во изминатите 2 години Град Скопје покажа одлични финансиски резултати кои овозможуваат да се откаже од дел од средствата од најголемите приходни ставки - комуналиите, комуналните такси, закупот на јавен простор, градските давачки и слично - со цел да ослободиме повеќе пари во економијата. За таа цел ја спуштаме комуналната такса за закуп на јавен простор од 15 на 5 денари по квадрат (колкава што е минималната цена дозволена со закон) за цела 2020 година; ја намалуваме фирмарината за стопанските субјекти од 7.000 на 4.000 денари за 2020 (што исто така е законски минимум); го откажуваме кредитот за изградбата на новиот Луна Парк; подигнуваме нов кредит на иста вредност за изградба и реконструкција на улици и друга инфраструктура (која ја работат домашните компании); комуналиите ќе можат да се плаќаат на 18 наместо на 12 месечни рати (ова се однесува за градби со комуналии чиј износ надминува милион евра); и им препорачуваме на училишните одбори закупувачите на простор во средните училишта да бидат ослободени од месечните кирии за целокупното времетраење на вонредната состојба – објаснува градоначалникот Петре Шилегов.

## ГРАДОТ СКОПЈЕ ПОМОГНА ЗА ПРЕУРЕДУВАЊЕ НА КЛИНИЧКИОТ ЦЕНТАР



Екипите на Град Скопје, Армијата и нејзината механизација и инженерите од Проектната единица при Министерството за здравство во март, во рекорден рок, го расчистија просторот од околу 4.000 м2 до Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби на која беше подигната монтажна болница. Градот Скопје изминативе месеци го помогна Министерството за здравство, со реализација на низа градежни инфраструктурни активности во кругот на Клиничкиот центар „Мајка Тереза". Се прошири влезот во клиничкиот центар и се отвори траса за интервентни возила до ургентниот центар, како и посебен влез кон инфективната клиника. Се шират влезовите кај Клиниката за стоматологија и кај улицата Белградска.

Реконструирани се и двата постојни паркинзи кај клиниките за хирургија и за гинекологија и акушерство, односно постојните 6.000 квадратни метри се проширени на околу 20.000 квадрати.

Градот Скопје доби донација од 50.000 заштитни маски од збратимениот град Нанчанг, од Кина, наменети за здравствените работници во повеќе здравствени институции во Скопје, како и за службите кои се борат против коронавирусот.

## ЦРВЕНИОТ КРСТ ПОМАГА НА ГРАЃАНИТЕ

Градот Скопје, десетте општини и Црвениот крст на град Скопје организираат сервисна услуга за помош и поддршка за најранливите граѓани, старите и изнемоштените лица, лица во изолација, самохрани родители, лицата со попреченост и нивните семејства. Воспоставен е систем во кој се вклучени професионалци и волонтери кои добиваат од 75 до 100 повици дневно, а во текот на денот опслужуваат околу 55 семејства. Мобилните тимови вршат набавка на храна и лекови, административни услуги, како и транспорт на лица до здравствени установи за неопходни медицински услуги.

## ДЕЖУРНА ПАТРОЛА СЕ ГРИЖЕШЕ ЗА БЕЗДОМНИТЕ ЖИВОТНИ

На иницијатива на градоначалникот Петре Шилегов, преку јавното претпријатие за заштита и благосостојба на бездомните животни „Лајка", Градот Скопје обезбеди дежурна патрола која во текот на карантинот циркулираше на целата територија на градот и се грижеше бездомните кучиња да имаат редовна достава на храна и вода, како и неопходна ветеринарна помош.



## ДОНАЦИЈА - 100 ТАБЛЕТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

Во април, Градот Скопје доби донација од компанијата „Еколог Интернационал" од 100 таблет-компјутери наменети за учениците од основните училишта кои потекнуваат од материјално необезбедени семејства. Донацијата придонесе децата полесно да се справат со предизвиците кои ги наметна онлајн наставата.




## ИНТЕРАКТИВНА МАПА ЗА ДОСТАВА НА ХРАНА И ЛЕКОВИ

Град Скопје во соработка со GDI Skopje изработи интерактивна мапа за достава на храна, намирници и лекови за време на полицискиот час, на територијата на сите скопски општини. На мапата граѓаните можеа да ги најдат сите дејности што им беа на располагање во нивната општина, за да направат онлајн или телефонска нарачка за достава.

## ПРОСТОР ПРОТИВ КОРОНА

# ГРАД СКОПЈЕ ОТСТРАНУВА 240 РЕКЛАМНИ ОБЈЕКТИ ОД ЈАВНИОТ ПРОСТОР

Градот Скопје почна акција за ослободување на јавниот простор во време на корона и се придружува на семејството европски и светски градови кои за време на пандемијата ослободија големи простори за потребите на пешаците и на велосипедистите, за подобар проток на воздух во урбаната средина и за повеќе зеленило. Со оваа акција, во наредниот период од јавните површини во Скопје ќе бидат отстранети 240 рекламни објекти – билборди и ситилајти.




- На задоволство на граѓаните постигнавме договор со компаниите кои се занимаваат со закуп на рекламен простор во делот на билборди и ситилајти, доброволно да отстранат вкупно 240 рекламни објекти од јавните површини во Скопје и покрај тоа што во минатото имаат склучено договор со градот, за што платиле извесен надомест. Станува збор за 120 билборди и 120 ситилајти кои биле легално поставени во најголем дел на тротоари, пешачки површини, велосипедски патеки и други јавни површини и на тој начин го ограничувале движењето на пешаците и на велосипедистите со што ја намалувале и безбедноста на целокупниот сообраќај. Во таа насока, сакам да се заблагодарам на компаниите кои ги издаваат овие рекламни објекти за разбирањето и покажаната одговорност кон граѓаните, а кои се откажуваат од дел од својата заработка со цел граѓаните да имаат повеќе и побезбеден јавен простор во градот – вели градоначалникот Петре Шилегов.







Со акцијата на Град Скопје ќе се отстранат 120 билборди и 120 ситилајти. Од сегашните 680 билборди, ќе останат 560, а ќе се отстранат и сите 120 ситилајти од јавните површини во Скопје. Со тоа, првата зона од централното градско подрачје целосно се ослободува од поставените рекламни објекти, а се намалува нивниот број и во преостанатите зони.

Градот Скопје од рекламните објекти досега остваруваше приходи од околу 100.000 евра месечно, а по акцијата за нивно отстранување ќе остварува приходи од околу 80.000 евра месечно, што е за 20 насто намалување на приходите од оваа ставка, но со крајна цел - ослободување на јавниот простор за граѓаните.

Покрај легално поставените рекламни објекти, на повеќе локации во градот се забележани и нелегално поставени рекламни објекти кои во претстојниот период ќе бидат отстранети од Градот.

# ОЗНАЧЕНА ВЕЛОПАТЕКА НА КОЛОВОЗОТ НА УЛИЦА СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ

Со оформувањето на новата велосипедска патека на улицата Свети Кирил и Методиј, Големиот ринг во Скопје е целосно поврзан за велосипедистите. Новата велопатека е означена на коловозот, за сметка на стеснетите коловозни ленти.

Стеснувањето на коловозните ленти на улицата Свети Кирил и Методиј придонесе за намалување на брзината со која се движат моторните возила, а со тоа се зголеми безбедноста за сите учесници во сообраќајот.

Велопатеката е широка 1,5 метри и е физички одвоена од лентите за возилата со заштитни рефлектирачки столпчиња. За нејзината изведба беа отстранети сите ситилајт реклами од тротоарите, со што се ослободи простор за движење и на пешаците, и на велосипедистите.

Со изведбата на новата велосипедска патека, Големиот ринг целосно е заокружен за велосипедистите, поточно, велосипедски патеки се изградени на булеварите Кочо Рацин, Свети Климент Охридски, Гоце Делчев и Крсте Мисирков, а сега и на улицата Свети Кирил и Методиј.





# СЕ ПРАВИ НОВА ПЛАНИНСКА ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА НА ВОДНО

Како дел од проектот „Велосипедски парк Водно", неодамна почна уредувањето на нова планинска велосипедска патека на Водно. Патеката е долга 3.432 метра и се протега од полициската станица, па се до Средно Водно. Таа ќе биде наменета исклучиво за велосипедистите, а при нејзината изградба нема да се оштетат или сечат околните дрвја.

Проектот за уредување на оваа планинска велопатека се реализира во соработка и е кофинансиран од Советот за регионална соработка (Regional Cooperation Council).



ВО КИСЕЛА ВОДА И КАЈ ЖЕЛЕЗНИЧКАТА СТАНИЦА

# НЕКОГАШНИ НАПУШТЕНИ ПРОСТОРИ СЕГА СЕ НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ


Кај Железничката станица

Екипите на Град Скопје уредија нов парк во Кисела Вода, лоциран меѓу улицата Лазар Димитров и железничката пруга, зад бараките во населбата 11 Октомври. Овој простор, кој е во непосредна близина на центарот на нашиот град, со децении беше запуштен и на него се создаваа поголем број депонии со шут и отпад. Изминатиов период се работеше на расчистување на просторот и рамнење на теренот, а беше засадена и трева.

Во новиот парк, што е на површина од околу 16.000 квадратни метри, во текот на есенската акција за садење ќе се засадат над 150 листопадни и 240 зимзелени садници, како и околу 400 украсни грмушки.

На површина од 6.000 квадратни метри, пак, оваа пролет е подигната нова зелена површина и кај Железничката станица. Овој простор, меѓник меѓу општините Аеродром и Центар, повеќе од 20 години беше дива депонија, а при расчистувањето се исфрлени над 15.000 кубни метри смет.

На задоволство на околните жители, овој нов јавен простор сега е уреден мал парк со детско игралиште и е ново катче за одмор и рекреација за сите генерации.


Во Кисела Вода

# НОВ ГРАДСКИ ПАРК ЌЕ НИКНЕ ВО КАРПОШ 4

Град Скопје и Општина Карпош почнаа да уредуваат нов градски парк на кејот на реката Вардар во Карпош 4, на површина од 60.000 квадратни метри, односно, простор 6 пати поголем од паркот „Ибни Пајко“. Јавните градски претпријатија досега ја расчистија оваа неуредена површина и го отстранија шутот и отпадот од деценискиата дива депонија, а Град Скопје реализираше конкурс за избор на идејно решение за уредување на новиот парк.

На конкурсот пристигнаа 19 идејни решенија, а мешаната комисија на Град Скопје и Општина Карпош издвои четири од нив како најкреативни, иако ниеден од трудовите не ја доби првата награда.

Во тек е изработка на основен проект за паркот, а во процесот учествуваат и авторите на четирите наградени решенија.

Новиот градски парк што почна да се создава крај реката Вардар во Карпош 4, наскоро ќе го добие својот препознатлив лик.

# МОБИЛНИ ПРОДАВАЧИ ВО ПАРК САМО СО ДОЗВОЛА

По реакциите на посетителите дека се узурпираат патеките во стариот дел на Градскиот парк со натрупување на подвижни приколки, Град Скопје воведе ред за локациите и површината на која работат мобилните продавачи. Со јавен повик, Градот Скопје додели одобренија на мобилните продавачи за 21 локација со еднаква максимална површина во двата дела на паркот.

Избраните мобилни продавачи добија дозвола за користење на обележаната локација од 1 март годинава, без можност да отстапуваат од утврдената површина на локацијата. Секој продавач е обврзан да се грижи за чистотата на површината на добиената локација. Изгледот на подвижните објекти и апарати не го нарушува амбиентот на градскиот парк и нема да има негативни еколошки влијанија врз околината. Сопствениците се обврзани отпадот да го фрлаат во посебни корпи за отпад, а не во кантите што се поставени во паркот, со што ќе се подобри и јавната хигиена.



Со одобренијата за локации се реши хаосот со натрупување на повеќе продавачи на едно место во Градскиот парк, на сметка на слободниот простор за движење на посетителите.




**Нов дрворед е подигнат на булеварот Партизански одреди, кај Соборниот храм „Свети Климент Охридски“. На оваа локација се засадени 8 висококвалитетни садници од видот даб.**

**Дрворедот на улицата Максим Горки во центарот на Скопје е обновен со 18 висококвалитетни повеќегодишни садници од видот јапонска цреша. Садниците се донација од вработените во локалната канцеларија на Европската банка за обнова и развој во Република Северна Македонија.**



# ГОЛЕМ ИНТЕРЕС КАЈ ГРАЃАНИТЕ ЗА СУБВЕНЦИИТЕ ОД ГРАД СКОПЈЕ

За набавка на инвертер клима уреди, за чистење оџаци, за купување велосипед или електричен тротинет – субвенциите што ги доделува Град Скопје наидоа на позитивен одѕив кај скопјани. Нашата цел е да ги поттикнеме граѓаните активно да се вклучат во борбата за поздрава и почиста средина.

Така, од почетокот на отворањето на јавниот повик за субвенции за инвертери, во Град Скопје се поднесени над 2.600 апликации, а остануваат средства за уште околу 2.400 барања. Бројот на домаќинствата што претстојната зима ќе го сменат начинот на греење ќе значи и намалување на потенцијални загадувачи. Тоа значително ќе го подобри квалитетот на воздухот, зашто директно ќе влијае во борбата против загадувањето.

Јавниот повик за доделување субвенции за инвертер клима уреди за затоплување на домаќинствата е во тек, а граѓаните може да аплицираат онлајн. Повикот ги опфаќа граѓаните кои купиле инвертер од 01.01.2020 година, до завршувањето на повикот на 30.11.2020 година, или до исцрпување на средствата. На граѓаните ќе им бидат целосно надоместени трошоците за набавка на инвертер уред, но не повеќе од 62.000 денари во нето износ.

Во тек е и јавниот повик за доделување субвенции на домаќинствата и на други субјекти за чистење оџаци, како една од мерките за намалување на последиците од загадувањето на воздухот. Со оваа мерка Градот Скопје ќе надомести дел од трошоците на домаќинствата и на други субјекти за чистење на оџаците, во нето износ најмногу до 1.200 денари, а за субвенции можат да достават барање физички и правни лица чие живеалиште, односно седиште е на подрачјето на Град Скопје. Изминатите години субвенцијата беше во износ најмногу до 1.000 денари.

Субвенциите важат и за исчистени оџаци од 01.01.2020 година, а јавниот повик трае заклучно со 30.11.2020 година, и ќе биде реализиран по принципот „прв дојден прв услужен“, односно до реализирање на средствата предвидени за оваа намена со Буџетот на Град Скопје за 2020 година.




Целта на овој проект што Град Скопје континуирано го реализира е намалување на загаденоста на амбиентниот воздух во градот, особено со партикуларните честички (ПМ10 и ПМ2,5). За потсетување, Град Скопје оваа мерка ја реализираше и во 2018 и 2019 година, кога беа доделени вкупно 634 субвенции.

По застојот поради пандемијата од коронавирусот, Градот Скопје во мај ја продолжи кампањата за бесплатно собирање на остатоците од берба за да се спречи палењето на стрништата, а со тоа да се заштити воздухот од загадување. Заинтересираните граѓани може да се јават на телефонскиот број 071 395 395 и да договорат бесплатно подигање на органскиот отпад. Оваа кампања годинава ќе го опфати целиот Скопскиот плански регион.

Покрај бесплатното подигање на органскиот отпад, Град Скопје како дополнителна мотивација годинава нуди можност секој што ќе ја искористи оваа поволност, во сезоната на садење да добие околу 30 килограми органско ѓубриво на секои 100 килограми отпад. Овој проект ќе опфати и компостирање на собраниот материјал во објект во сопственост на Градот Скопје.

Минатата година оваа кампања за прв пат беше организирана од Град Скопје со поддршка од УНДП и МДЦ-Ти.нет и даде одлични резултати – бесплатно подигање на отпадот од бербата од Град Скопје побараа над 120 жители на Скопје, при што беа подигнати, а со тоа беше спречено палењето на околу 700 кубни метри органски отпад. Оваа година, во кампањата за спречување на палењето стрништа се вклучи и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во делот на планирањето на периодите кога се врши бербата на различните земјоделски култури. Во кампањата се вклучи и Халк Банка со поддршка на промотивните активности.

Градот Скопје е прва единица на локална самоуправа која спроведува кампања за елиминирање на палењето на нивите и стрништата, за да се намали загаденоста на воздухот, да се зачува плодноста на почвата, но и да се спречи ширењето на евентуални пожари кои неретко предизвикуваат материјални штети, а понекогаш загрозуваат и човечки животи.




На јавните повици за доделување субвенции за набавка на велосипеди и електрични тротинетиштo беа распишани во јуни, до Град Скопје пристигна 2.831 барање за набавка на велосипед и 214 барања за набавка на тротинет. Средствата што Градот Скопје ќе ги субвенционира се во износ од 50% од вредноста на велосипедот, но не повеќе од 3.000 денари по лице, со вклучен персонален данок на доход, и 30% од вредноста на електричниот тротинет, но не повеќе од 7.000 денари по лице, со вклучен персонален данок на доход.

„СКОПЈЕ“
ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО
НА ГРАД СКОПЈЕ

Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“ излезе на 10 декември 2008 година

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
Ваљон Салиху

РЕДАКЦИЈА
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

ЛЕКТОР Лидија Антоновска

ФОТОГРАФИИ
Младен Богојевски, Зоран Шекеров

e-mail: gragjani@skopje.gov.mk

телефон: 3 297 255

Facebook: Град Скопје

Twitter: @CityofSkopje

Instagram: @gradskopje.oficijalna

ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ
Булевар Илинден 82
www.skopje.gov.mk

Дизајн и печат
Печатница „Серафимовски“ Скопје

ИНТЕРВЈУ: ВЛАДИМИР СИМОНОВСКИ, КОМАНДАНТ НА БРИГАДАТА ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

# И ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА СКОПСКИТЕ ПОЖАРНИКАРИ СЕ ЧУВАРИ НА НАШАТА БЕЗБЕДНОСТ

Пандемијата од коронавирусот наметна поинакви правила за живеење и работење за граѓаните, со приоритет – зачувување на здравјето. Како новата реалност се одрази врз работењето на скопските пожарникари, за предизвиците и тешкотиите со кои се соочуваат овие тивки херои, во ова интервју зборуваме со командантот на Бригадата за противпожарна заштита на Град Скопје, Владимир Симоновски.

**Се промени ли работата на Противпожарната бригада во услови на пандемија од коронавирусот?**

▶Бригадата за противпожарна заштита на Град Скопје не претрпе никаква промена во работата, ниту во работниот процес. За граѓаните сме достапни 24/7 и според сите уредби на Владата, Противпожарната бригада од почетокот на пандемијата беше во ранг на здравствените работници, полицијата и армијата. Во бригадата беа применети сите протоколи и уредби за заштита на вработените. Сепак, она што може да се забележи е дека бројот на интервенции во вид на пожари на отворен простор во периодот од 01.01.2020 до 01.06.2020 година е драстично намален во однос на истиот период во 2019 година. Затоа, пак, се зголеми бројот на техничките интервенции во однос од лани – интервенции при сообраќајни незгоди, заглавени лица во лифтови и станови, спасување домашни миленици и слично.



**Издвојте неколку секојдневни интервенции од оваа година што не се поврзани со гасење пожар?**

▶ Последниве месеци граѓаните почесто не бараат да спасиме домашни миленичиња - маче заглавено зад радијатор или на дрво, куче пропаднато во шахта, но сме интервенирале и за спасување дете заглавено во патничко возило.

**Колку пожарникари се вработија откако сте вие командант на бригадата, планирате ли и нови вработувања?**

▶Од моето доаѓање на местото командант во Бригадата се вработија 29 нови пожарникари. Во планот и програмата за работа предвидуваме годинава да имаме уште 30 до 50 вработувања за да ги пополниме местата на колегите што си заминуваат во пензија. Според законските прописи бригадата треба да има 398 пожарникари, или, на 1.500 жители по еден пожарникар. Во Бригадата сега има 205 пожарникари.

**Добивате ли нова опрема што ќе ја подобри и олесни вашата работа?**

▶За нормално извршување на секојдневните активности и за модернизација на Противпожарната бригада минатата година беа обезбедени нови изолациони дишни апарати, униформи и чевли што ги задоволуваат сите стандарди за безбедност, а обновена е и противпожарната опрема со нови црева и арматури. Заменета е и 35 години старата аналогна телефонска централа со современа нова дигитална централа. За ваква служба секогаш ќе недостасува опрема во вид на возила и опрема специфична за секој вид интервенција.

**Како функционира парамедик службата во рамките на противпожарната бригада? Зошто ваквите вештини се важни за еден пожарникар?**

▶Целта на парамедик службата е да интервенира или да даде прва помош на повредените се до моментот на пристигнување на Брзата помош и транспорт на повредените до здравствената установа. Затоа, во соработка со невладината ЛИНК АКРОС и Здравствениот Дом - Скопје лани извршивме обука на 25 нови парамедици. Од претходните години имаме уште 20 парамедици - пожарникари кои имаат завршено одредено ниво на прва помош. Со тоа, бројот на парамедици во бригадата моментално е 45, од кои 12 се инструктори.

**Што е најголем проблем во градот за брзо и непречено пристигнување до локацијата на која има пожар?**

▶Урбаниот хаос и паркираните возила, а во некои случаи и несовесни граѓани кои не ги поместуваат своите возила пред нашите сирени и ротациски светла.

**Минатата година беше многу тешка за скопските пожарникари, со комплицирани интервенции. Претседателот Стево Пендаровски, лани со „Медал за храброст“ одликуваше 8 припадници на Противпожарната бригада, а од Град Скопје добивте благодарници.**

▶Одликуваните 8 припадници во 4 тима вршеа евакуација на станарите во пожарот во зградата на улицата Народни херои, во Кисела Вода. Одликување доби и целата Бригада за противпожарна заштита на Град Скопје за сите интервенции што ги имавме досега. Градот Скопје, пак, додели благодарници за тимот којшто интервенираше кај сообраќајната несреќа на автобусот на „Дурмо Турс“, кај селото Ласкарци, како и на тимот на Градот Скопје кој беше составен од 4 пожарникари и 2 обучени лица кои снимаа со дронови и правеа 3Д мапирање на местата кои беа со урнатини од земјотресот, и кои несебично се ангажираа при извлекување и спасување на повредените во земјотресот во Драч, Албанија. Признанијата пожарникарите ги добија за спасување човечки животи и материјални добра на граѓаните.

**Што значат признанијата во работата на пожарникарот и воопшто за функционирањето на бригадата во целост?**

▶Секое одликување или благодарница има значење, како признание дека сте спасиле човечки живот или некому сте спасиле куќа, стан или деловен објект, нешто што го градел или печалел со години, а можел да го загуби за миг. Знаете, кога тргнуваме во интервенција, ние како пожарникари не размислуваме за опасностите по сопствениот живот, туку се впуштаме во предизвикот за да го спасиме животот на оние што се загрозени. Даваме се од себе тоа да го оствариме. Таква е оваа работа.

# НОВИ ПОЛУПОДЗЕМНИ КОНТЕЈНЕРИ СЕ ТЕСТИРААТ ВО КАРПОШ 3

Градот Скопје летово почна пилот проект за тестирање нов вид контејнери за отпад од домаќинствата - полуподземни контејнери кои се поставени на улицата Никола Русински во Карпош 3.



- Станува збор за полуподземни контејнери со капацитет од 3 до 5 кубни метри од реномираниот фински производител Молок кој преку своите локални партнери покрена иницијатива за тестирање на овие контејнери во Скопје. За таа цел на улицата Никола Русински, зад ТЦ „Лептокарија" се поставени 6 вакви контејнери, од кои 2 се со капацитет од 3 кубни метри, а 4 се со капацитет од 5 кубни метри. Овие контејнери имаат извесни предности во однос на другите видови - поголемиот капацитет, мал надземен дел, побрзо празнење, можност за заклучување и поголем век на експлоатација – објаснува градоначалникот Шилегов.

Овој пилот проект дава можност и за селектирање на отпадот. Во неколкумесечниот тест период во рамките на овој пилот проект ќе бидат согледани сите предности и предизвици од користењето на овие садови за отпад од домаќинствата, по што ќе бидат направени анализи за исплатливоста на инвестирањето во вакви контејнери.

# ОТВОРЕН ЦЕНТАР ЗА ГРИЖА ЗА КОРИСНИЦИ НА ЈП „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА"

Од 1 јуни годинава почна да работи новиот Центар за грижа за корисници на ЈП „Комунална хигиена" во управната зграда на претпријатието, зад поранешен Скопски саем. Со отворањето на центарот во чијшто состав се наоѓа и архивата на претпријатието, им се излегува во пресрет на граѓаните за полесен, побрз и побезбеден пристап до услугите што се во доменот на административното работење на претпријатието. Центарот за грижа за корисници на ЈП „Комунална хигиена" ќе работи од понеделник до петок, од 7 до 19 часот.

Воедно, ЈП „Комунална хигиена" почна со електронска достава на фактурите, а воведена е и можност за онлајн-плаќање на сметките за собирање и транспорт на комунален отпад.



# СЕ ЧИСТИ И УРЕДУВА СЕВЕРНАТА СТРАНА ОД КЕЈОТ НА ВАРДАР

Екипи на јавните претпријатија „Комунална хигиена", „Паркови и зеленило", „Водовод и канализација" и „Улици и патишта" ја чистат и уредуваат северната страна од кејот на Вардар, на потегот од реката Лепенец до Аеродром. Тие прво ќе го исчистат потегот, а онаму каде што е потребно ќе ги обноват патеките, ќе го уредат зеленилото и ќе го заменат осветлувањето.

Оваа акција која почна во јуни, Град Скопје ја реализира во соработка со УНДП, кои помагаат со поставување урбана опрема – корпи за цебен отпад кои недостасуваат од оваа страна на реката.

# СО НОВИОТ СТЕРИЛИЗАТОР „ДРИСЛА“ СТАНУВА СОВРЕМЕНА ДЕПОНИЈА

Јавното претпријатие депонија Дрисла во јуни набави нов стерилизатор за третман на медицински отпад од познатата италијанска марка ЦИСА, што е иновативен систем, целосно автоматизиран, со висока технологија и квалитет. Со набавката на стерилизаторот се става крај на неодговорното и несовесно постапување со медицинскиот отпад, односно неговата несоодветна обработка, а којшто потоа завршуваше на „Дрисла“ како обичен отпад и претставуваше потенцијална опасност за животната средина и за здравјето на луѓето.

Новиот стерилизатор е со капацитет од 2.000 литри и може за еден час да третира 350 килограми отпад, што ќе ги задоволува дневните потреби на депонијата. Системот е опремен со шредер кој го намалува до 80% волуменот на отпадот, со сува вакуум пумпа што ќе придонесе за заштеда на потрошувачката на вода и до 98%, како и систем за заштеда на енергија кој не дозволува воздухот што го испушта стерилизаторот да ја загадува околината.

Градоначалникот Шилегов и главниот инспектор на Град Скопје, Мирослав Богдановски, во февруари годинава обелоденија скандал со ужасна содржина - објавените видеа и фотографии јасно покажаа неодговорно и несовесно постапување со медицински отпад каде што кучиња скитници јадат човечки остатоци и крв што истекува во атмосферската канализација и се влева во реката Вардар. Беше утврдено дека наместо термичка обработка и стерилизација, се случувала несоодветна обработка на медицинскиот отпад, којшто потоа завршувал на „Дрисла“ како обичен отпад. Случајот беше пријавен во надлежното обвинителство.





# ГРАД СКОПЈЕ ОТСТРАНУВА ДВЕ ГАЛИИ НА ВАРДАР

Откако се создадоа правни услови, градоначалникот Петре Шилегов на крајот на јуни даде налог да се раскине договорот и да се наплати банкарската гаранција и за втората од трите галии во коритото на реката Вардар. Постапката за извршување (отстранување) на галиите, ќе продолжи кај надлежен извршител.

Тече постапката за отстранување и на првата галија во коритото на Вардар. Отстранувањето на галиите и раскинувањето на договорите, ќе немаат никаква буџетска импликација по буџетот на Град Скопје.

# РАСЧИСТЕНА ДИВАТА НАСЕЛБА ПОД КАЛЕ

Екипите на Град Скопје во февруари годинава целосно го расчистија просторот под скопското Кале на кој имаше дива населба и дива депонија кои претставуваа извор на аерозагадување, поради огновите што се палеа на отворено. Бидејќи локацијата е всушност приватна сопственост, Градот Скопје ги задолжи сопствениците да си го оградат местото и ги предупреди дека во иднина тие се одговорни да ја одржуваат хигиената на парцелата.

Градот Скопје најавува засилени контроли и ригорозни казни за оние што ќе дозволат на своите парцели да се трупа ѓубре и да се создаваат диви депонии кои ја загадуваат и нагрдуваат животната средина и го загрозуваат здравјето на граѓаните.











# ПОСЕТЕТЕ ЈА СКОПЈЕ ЗОО





Скопската зоолошка градина ова лето за првпат е збогатена со егзотични птици од видот фламинго, а Градот Скопје инвестираше во изградбата на нивното ново живеалиште. Живеалиштето претставува мала лагуна со многу зеленило, езерце за фламингата, како и посебен дел за хранење на птиците. Непосредно до него, се гради и новото живеалиште за пингвини.

Зоолошката градина минатиот месец за првпат стана дом на три јужноамерикански алпаки. Заедно со алпаките, во Скопје пристигнаа и две двогрби камили од расата бактриан.